е роден во Прилеп. Како син на наставник по музика, уште во гимназиските денови доаѓа во непосреден допир со музиката. Систематското музичко школување го започнува по војната, кога се запишува во Средното музичко училиште во Скопје. Во 1947 година заминува на Ленинградскиот конзерваториум, каде што изучува композиција и хармонија во класата на Орест Александрович Евлахов, а една година подоцна студиите ги продолжува на Музичката академија во Белград, во класата на композиторот Миленко Живковиќ. По дипломирањето, во 1955 година, започнува неговата можне плодна активност. Работи како професор во Средното музичко училиште, директор на Операта при МНТ, музички уредник во радио Скопје, професор на Педагошката академија, а од 1966 година и како професор и прв декан на Високата музичка школа. Во 1981 година е избран за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.

VLASTIMIR NIKOLOVSKI (1925-2001)

was born in Prilep. As a son of a music teacher, he made his first contact with music at an early age. His music education began after the Second World War, when he enrolled at the Music High School in Skopje. In 1947, Nikolovski enrolled at Saint Petersburg Conservatory where he studied composition and harmony in the class of prof. Evlahov. One year afterwards, he continued his studies at the Music Academy in Belgrade, in the class of prof. Milenko Zhivkovic. Upon graduation in 1955, Nikolovski began his fruitful activity. He worked as a professor in the Music High School in Skopje, Director of the Macedonian Opera, music editor at Radio Skopje and professor at the Pedagogy Academy in Skopje. In 1966 he became a professor and Dean of the newly established Faculty of Music Art in Skopje. In 1981, Vlastimir Nikolovski was elected a member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU).

ДРАГОСЛАВ ОРТАКОВ (1928-2007)

дипломирал на Белградската музичка академија, на Историско-фолклорниот оддел. Композиција учел на „Schola Cantorum" во Париз кај проф. P. Wissmer. Во 1981 година магистрирал на Музичката академија во Сараево, а во 1986 докторирал на Филозофскиот факултет во Скопје. Во текот на својот работен век бил на чело на неколку значајни музички институции во Македонија, а потоа и професор и декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Неговиот опус опфаќа камерни, хорски, вокално-инструментални, оркестарски и други композиции. Особено е значајна неговата публицистичка дејност во областа на новата и старата историја на македонската музика, како и многубројните дешифрации и хармонизации на македонското црковно пеење.

DRAGOSLAV ORTAKOV (1928-2007)

after the graduation from the Historical-Folklore Department of the Music Academy in Belgrade, he has studied composition at "Schola Cantorum" in Paris, with Prof. P. Wissmer. In 1981 he received his master's degree at the Music Academy in Sarajevo, and in 1986 his PhD from the Faculty of Philosophy in Skopje, Republic of Macedonia. He has been at the head of many important musical institutions in Macedonia, and then worked as a professor and dean at the Faculty of Music in Skopje. His creative opus includes chamber, choir, vocal-instrumental, orchestral and other compositions. His work in the field of publishing books on Macedonian ancient and new music history, as well as his decipherings and harmonizations of Macedonian church singing, is of major importance.

ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ (1934-2000)

дипломирал композиција на Музичката академија во Белград во класата на професорот Миленко Живковиќ. Во периодот од 1963 до 1968 година работи како уредник на музичката програма на радио Скопје, а потоа и како професор на Факултетот за музичка уметност. Неговиот опус опфаќа симфониски, камерни, солистички, хорски и вокално-инструментални дела. Неговите композиции се изведувани во Македонија и во странство.

TOMISLAV ZOGRAFSKI (1934-2000)

graduated from the Department of composition at the Music Academy in Belgrade, in the class of professor Milenko Zhivkovic. In the period between 1963 and 1968 he worked as an editor of the music programmes in Radio Skopje. Zografski assumed a teaching position at the Departement of composition at the Faculty of Music Art in Skopje. His opus comprises symphonic, chamber, solo, choral and vocal-instrumental works. His compositions are regularly performed in Macedonia and abroad.



МИХАЈЛО НИКОЛОВСКИ (1934-1994)

композитор кој музичкото образование го започнал во Битола, а го продолжил во Скопје. Дипломирал на Наставно-теоретскиот отсек на Музичката академија во Белград, а во времето на студиите приватно учел композиција кај М. Раденковиќ. По дипломирањето, бил назначен за директор на Средното музичко училиште во Битола и диригент на хорот „Стив Наумов". Од 1971 година бил музички уредник на Радио Скопје, а наскоро и професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Бил и декан на истата институција. Неговиот опус бележи дела од речиси сите музички родови.

MIHAJLO NIKOLOVSKI (1934-1994)

Mihajlo Nikolovski wa educated in Belgrade in Skopje, studying composition with M. Radenkovic. Upon graduation he was appointed Director of the Music School in Bitola and conductor of "Stiv Naumov" choir. From 1971 he was music editor at Radio Skopje, and shortly afterwards he took a teaching position at the Faculty of Music, where he was also elected the Dean. His opus consists of works of all music genres.



АЛЕКСАНДАР ЏАМБАЗОВ (1936)

е втемелувач на македонската детска и популарна музика со голем број на изведени, снимени, печатени и наградени дела во земјата и странство, како и истакнат општествен деец во целокупната музичка култура. Во неговиот творечки и интерпретативен опус се обединети сите негови животни и креативни настојувања на взаемно преточување на „сериозниот" и „популарниот" жанр врз кои се базира целото негово творештво и во чии рамки тој твори повеќе од 40 години. Џамбазов своите композиции ги презентирал на повеќе фестивали во Македонија, поранешна СФРЈ, како и на бројни еминентни интернационални фестивали. Добитник е на четириесет стручни и општествени награди и признанија.

ALEKSANDAR DJAMBAZOV (1936)

is founder of Macedonian children's and popular music with a large number of performed, recorded, printed and awarded compositions in the country and abroad. He is also a distinguished social figure in the Macedonian culture. His opus as a composer and performer comprises all of his lifelong and creative strives for co-existence of the classical and popular music genres, on which are based most of his creative works, and in which field he has been working for over forty years.Djambazov has presented his compositions at numerous festivals in Macedonia, ex-Yugoslavia and at eminent inter-national festivals. He has been awarded 40 professional and social prizes.

ABOUT THE AUTHORS

БЛАГОЈ ЦАНЕВ (1937)

е истакнат претставник на македонската национална композиторска школа и врвен педагошки деец. Дипломирал на ФМУ на одделите по музичка теорија и педагогија и композиција во класата на академик Властимир Николовски. Неговото творештво кое го носи белегот на македонскиот музички фолклор опфаќа повеќе музички жанри. Цанев беше долгогодишен професор на ФМУ каде преку најразлични едукативни форми го пренесуваше своето знаење на помладите. Тој е автор на најголемиот број печатени музички учебници во Македонија и носител на многубројни награди и признанија, меѓу кои „11 Октомври“, „Св. Климент Охридски“, „Трајко Прокопиев“, „Панче Пешев“. Неговите дела се изведувани во Македонија, потоа сите држави од поранешна Југославија, Австрија, Албанија, Англија, Бугарија, Германија, Италија, Норвешка, Русија, САД, Турција, Украина, Франција, Шпанија и др.

BLAGOJ CANEV (1937)

is an prominent and distinguished representative of the Macedonian National school of composition. He graduated at the Faculty of Music Art in Skopje, in the Departments of Theory and Pedagogy and Composition, in the class of professor Vlastimir Nikolovski. His opus, in which the music folklore is interwoven in the contemporary music expression, consists of music works in all genres. Canev was a longtime professor at the Faculty of Music where he educated many generations of musicians. He is also author of almost all books in music education published in Macedonia. His compositions have been performed in Macedonia, Austria, Albania, Bulgaria, Italy, France, Norway, Russia, USA, Turkey, Ukraine, Spain and the ex-Yugoslavian contries.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ (1939)

завршува Педагошка академија во Скопје во 1964 година. По сугестија на професорот Властимир Николовски, Илиевски се запишува на Одделот за композиција на Високата музичка школа во Скопје, а во исто време студира на Одделот за музичка теорија и педагогија и диригирање во класата на Фимчо Муратовски. Во 1968 година станува диригент на Воениот оркестар во Скопје, се до 1978 година кога преминува во Белград на местото Начелник и уметнички раководител на Уменичкиот ансамбл на ЈНА. Како диригент на овој ансамбл, Илиевски има настапувано низ цела СФРЈ. Во 1985 година завршува постдипломски студии по диригирање на ФМУ во Белград, во класата на професорот Живојин Здравковиќ. Истата година, ја добива третата награда на конкурсот распишан од Здружението на композитори на Војводина, за увертирата „Т.И.Д.“. Во периодот од 1984 до 1992 година Илиевски е диригент и уметнички раководител на Репрезентативниот оркестар на Гардатата во Белград. Напишал дела за разновидни жанри и состави. Во 2012 година, Македонската филхармонија на конкурс го избра неговото дело „Увертира - Соништа“, коешто премиерно беше изведено во рамки на циклусот „Кирилица“.

ILIJA ILIEVSKI (1939)

graduated from the Faculty of Pedagogy in Skopje and later on studied composition and conducting at the Faculty of Music in Skopje. In 1968, he became conductor of the Army Orchestra in Skopje, a position he held until 1978, when he moved to Belgrade to become Artistic Director of the Yugoslavian Army Orchestra. As a conductor, he performed with many orchestras from es-Yugoslavia, as well as with the Macedonian Philharmonic. His opus comprises works of different genres. In 2012, his work "Uverture-Dreams" was commissioned and premiered by the Macedonian Philharmonic Orchestra.

СТОЈАН СТОЈКОВ (1941)

дипломира на одделот по композиција на Музичката академија во Белград, во класата на професор Миленко Живковиќ, а подоцна и во класата на професор Енрико Јосиф. Неговиот богат творечки опус опфаќа камерни,

хорски, симфониски и вокално-инструментални дела. Неговите дела се изведувани во Македонија, САД, Русија, Франција, Германија, Шведска, Полска, Белгија, Турција, Албанија и други. Стојан Стојков е долгогодишен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

STOJAN STOJKOV (1941)

graduated from the Department of composition at the Music Academy in Belgrade, in the classes of professors Milenko Zhivkovic and Enriko Josif. His diverse music opus comprises chamber, choral, symphonic and large vocal-instrumental forms. His compositions have been performed in Macedonia, USA, Russia, France, Germany, Sweden, Poland, Belgium, Turkey, Albania and other countries. Stojan Stojkov has worked as a professor at the Faculty of Music in Skopje and also played several important social roles.



РИСТО АВРАМОВСКИ (1943-2007)

завршува композиција на Музичката академија во Белград во класата на Енрико Јосиф. Аврамовски е еден од најплодните македонски автори со творештво кое брои над 100 композиции (симфониски, вокално-инструментални, музичко-сценски, електронски и хорски дела). Неговите композиции се изведувани во Македонија, САД, Грција, Австралија, Турција, Шведска, Австрија, Мексико, Бугарија, Италија, Франција и Белгија. Аврамовски во текот на својот животен век извршуваше повеќе општествени и музички функции, а беше избран и за член на МАНУ.

RISTO AVRAMOVSKI (1943-2007)

was a renowned Macedonian composer. He graduated from the Department of composition at the Music Academy in Belgrade, in the class of professor Enriko Josif. Avramovski is one of the most fruitful Macedonian composers, who left a large opus comprising over 100 compositions in different forms and genres (symphonic, vocal-instrumental, electronic, solo and choral works). His composi-tions have been performed in Macedonia, USA, Greece, Australia, Turkey, Sweden, Austria, Mexico, Bulgaria, Italy, France and Belgium. During hif lifetime, Avramovski performed important social and music roles in the country and was also selected as a regular member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts.



ИЛИЈА ПЕЈОВСКИ (1947)

музичките студии ги започнува во Љубљана, а дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 1997 година дипломира на универзитетот Беркли во Бостон, САД, на отсекот за аранжирање. Од 1969 година делува како пијанист, аранжер, диригент и продуцент во МРТВ. Неговиот опус брои над 70 оригинални композиции и преку 300 аранжмани за Биг Бенд и симфониски оркестар, музика за долгометражни играни и документарни филмови. Од 1973 година до денес се стекнал со бројни признанија и награди во Македонија и надвор. Илија Пејовски е автор на книгата „Хармонските основи на џезот", издадена од Сојузот на компо-зиторите на Македонија, која претставува сублимат на сите неговите искуства како творец и педагог во областа на џезот. Работи како професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

ILIJA PEJOVSKI (1947)

began his music studies in Ljubljana, Slovenia and graduated at the Faculty of Music in Skopje. In 1997, he obtained a degree at Berklee University in Boston, USA at the Department of Arranging. As from 1969 he has been actively participating in the cultural life in Macedonia as a pianist, arranger, conductor and producer at the Macedonian Radio and Television. His opus comprises over 70 original compositions and 300 arrangements for Big Band and symphony orchestra and music for feature and documentary films. From 1973 onwards, he has been awarded numerous awards

and recognitions in Macedonia and abroad. Pejovski is the author of the book "The Basis of Jazz Harmony", published by the Composers' Society of Macedonia, which presents his lifelong research in the field of jazz music. Currently, he works as a Professor at the Department of Jazz at the University in Stip.

ТОМЕ МАНЧЕВ (1950)

дипломирал најпрвин на одделот за музичка теорија и педагогија, а потоа и на одделот за композиција на ФМУ во Скопје, во класата на професор Властимир Николовски. Во 1988 година во Прага завршува уметничка аспирантура во класата на професорите Ј. Дворжачек и Ј. Церемуга. Во 1998 година во Софија го брани својот докторат од областа на теоријата на оркестрацијата, под менторство на Д. Сагаев. Неговиот творечки опус опфаќа композиции од речиси сите музички форми. Тие се изведени во Македонија, Полска, Кина, Чешка, Русија, Украина, Албанија, Австралија, Бугарија, како и земјите на бивша Југославија. Денес работи како професор по композиција, музички инструменти и оркестрација на ФМУ во Скопје.

TOME MANCHEV (1950)

graduated from the Department of Music Theory and Pedagogy and the Department of Composition at the Faculty of Music in Skopje, in the class of professor Vlastimir Nikolovski. In 1988 he gained his specialization at Prague University, in the class of professors J. Dvoracek and J. Ceremuga. In 1998, in Sofia, Manchev received a PhD in the field of orchestration, under mentorship of professor D. Sagaev. Manchev has written numerous compositions in almost all music forms. They have been performed in Macedonia, Poland, China, Czech Republic, Russia, Ukraine, Albania, Austria, Australia, Bulgaria, as well as in the ex-Yugoslavian Republics. At the moment, Manchev works as a professor in composition, music instruments and orchestration at the Faculty of Music in Skopje.

ЖИВОЈИН ГЛИШИЌ (1954)

дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на одделите за музичка теорија и педагогија, и композиција, во класа на Томислав Зографски. Работи како професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Неговиот творечки опус опфаќа солистички, камерни, вокално-инструментални, хорски дела и дела од областа на инструменталниот цез. Автор е на аранжмани во сите музички жанрови. Неговите композиции се изведувани низ Европа и САД. Добитник е на голем број награди и признанија.

ZHIVOJIN GLISHIC (1954)

graduated from both Music Theory and Pedagogy and Composition Department (class of Tomislav Zografski), at the Faculty of Music in Skopje, where he teaches today. His opus comprises solo, chamber, vocal-instrumental and choral works, where special place hold the orchestral works in jazz idiom. Glishic is author of numerous arrangements in different genres and instrumental groups. His compositions are successfully performed in Europe and the USA. He has been awarded many prizes and recognitions.

КОКАН ДИМУШЕВСКИ (1958)

е, како што се нарекува самиот, роден пијанист кој станал клавијатурист. Тој е уникатен во изведбата на синтесајзер во два аспекти: користењето на синтесајзерите во функција на креирање на оркестар од еден човек, во намерата да создаде оригинална, електронски синтетизирана музика, која има акустични квалитети. Од 1976 година, тој ги комбинира едногласните и полифоните синтесајзери да создаде база на богати оркестарски звуци. Контекстот во кој тој ги остварува своите идеи е групата „Леб и сол", која тој ја основа со

басистот Бодан Арсовски, а значајни се и неколку негови соло проекти. Во 2012 година, групата „Леб и сол“, заедно со камерниот оркестар на Музичка младина на Македонија, под диригентство на Саша Николовски-Ѓумар оствари серија концерти во Македонија и надвор од нејзините граници, насловени „Леб и сол Symphony“, со нови аранжмани на хитовите на групата, направени од Димушевски. Добитник е на едно од најголемите признанија во екс ЈУ- „СЕДУМ СЕКРЕТАРИ НА СКОЈ“ - за музиката за легендарната претстава „Ослободување на Скопје“ во 1978 год. Автор е на поп и рок музика, радиофонски дела, музика за треатар и филм, современи електронски дела, џез музика, камерни дела, симфониски дела итн.

KOKAN DIMUSEVSKI (1958)

as he likes to refer to himself, be a Macedonian – born pianist turned keyboardist. He is unique among synthesizer players in two respects: He uses combinations of synthesizers to simulate a one-man orchestra, and he strives to create original, electronically synthesized music that sounds acoustic. Since 1976 he has combined single-voice and a polyphonic (or multivoice) synthesizers to wave a fabric of nearly orchestral richness. The context for Dimusevski multikeyboard accomplishments has been LEB I SOL, a popular fusion band that Dimusevski co founded in 1976 with bass player Bodan Arsovski. Dimusevski music readily embraces the tonal and even, according to the needs of the work, the conventionally "beautiful", he has no compunction about shattering the beauty. It' s result of many years spent exploring a sound area. Among his most important projects in the previous year was "Leb i Sol Symphony", together with Jeunesse Moving Orchestra and conductor Sasha Nikolovski- Gjumar, consisted of arrangements of "Leb i Sol" most famous songs, made by Dimusevski. Dimushevski was given the ex-Yu award "Seven Secretaries of SKOJ" for the soundtrack of the legendary play "Liberation of Skopje" in 1978. Dimushevski composed pop and rock music, music for theatre, film and radio, electronic music, jazz, chamber and symphonic works.

ГОЦЕ КОЛАРОВСКИ (1959-2006)

дипломирал на одделот по композиција на ФМУ, во класата на професор Властимир Николовски и на одделот по диригирање во класата на професор Фимчо Муратовски. Во 1986/87 година студирал на конзерваториумот Николај Римски Корсаков во Санкт Петербург, во класата на Сергеј Слонимски. Автор е на симфониски, вокално-инструментални, камерни и солистички дела кои се изведувани во Македонија, Русија, Холандија, Украина, Италија, Полска, Бугарија, Кина, Албанија, Шведска, Данска и земјите на бивша Југославија. Тој е еден од иницијаторите и предавачите на работилницата по композиција во Охрид. Држел мајсторски курсеви по композиција во Санкт Петербург, Дрезден, Нижни Новгород, Скопје и Охрид. До својата смрт во 2006 година Коларовски работеше како професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

GOCE KOLAROVSKI (1959-2006)

graduated from the department of composition at the Faculty of Music in Skopje, in the class of Professor Vlastimir Nikolovski and at the department of orchestral conducting, in the class of Professor Fimcho Muratovski. In 1986/87 he studied at the Conservatory Nikolai Rimski Korsakov in Russia, in the class of professor Sergei Slonimski. He has written symphonic, vocal-instrumental, chamber and solo works, which have been performed in Macedonia, Russia, Holland, Ukraine, Italy, Poland, Bulgaria, China, Albania, Sweden, Denmark and the ex-Yugoslavian Republics. Kolarovski was one of the iniciators and lecturers at the workshops for compositions in Ohrid, Macedonia. He has given lectures in compositions in Saint Peterburg, Dresden, Nizhniy Novgorod, Skopje and Ohrid. Until his death in 2006, he was working as a professor at the Faculty of Music in Skopje.

ABOUT THE AUTHORS

МИРОСЛАВ СПАСОВ (1964)

композитор и диригент. Предава композиција и компјутерски музички техники на Универзитетот во Кил, Велика Британија. Дипломирал композиција на ФМУ Скопје (со професорите Тома Прошев и Томислав Зографски, 1986-1992) и магистерски и докторски студии на Универзитетот во Калгари, Канада, (со професорите Алан Бел и Дејвид Игл 1997-2002), а диригирање на ФМУ - Скопје (проф. Фимчо Муратовски, 1993) и Високата Музичка Школа во Виена (проф Урош Лајовиц, 1993/94). Приватно студирал и соработувал со професорите Илија Пејовски (џез хармонија и аранжирање) и Марко Стропа (електроакустучна музика).Неговите дела се изведувани на фестивали и соло концерти во Британија, Италија, Австрија, Германија, Холандија, Португалија Словенија, Унгарија, Канада, САД, Австралија, Бразил и други земји. Работел и како уметнички раководител и диригент на Ленд Ендс ансамблот за современа музика во Канада, а исто така диригирал свои дела со Симфонискиот Оркестар од Регина (Канада), како и Јаначек Филхармонијата од Чешка. Добитник е на неколку поголеми грантови за инструментални и интерактивни електроакустични композиции. Покрај креативната активност Мирослав работи и на истражување на естетиката и пракса на интерактивна музика како и на развој на софтвер за изведба на музика со помош на гести, израз на лице, како и вокализации. Неговите две софтверски апликации,ENACTIV и Strange Attractors се публикувани од Cycling 74 (издавач на MaxMSP-Jitter еден од најпознатите платформи за изведба на лајв електроника и интерактивна музика во светот). Покрај ова тој работи и на истражување на природата, на комуникацијата преку креативна активност.

MIROSLAV SPASOV (1964)

teaches Composition and Computer Music Techniques in the Music/Music Technology Programme at Keele University in the UK. His works have been performed by various ensembles and soloists such as Janacek Philharmonic Orchestra (Czech Republic), New London Chamber Choir (UK), Calgary Philharmonic Orchestra (Canada), János Négyesy and Päivikki Nykter (USA), Leonid Pejsahov and Nadezda Pozarickaya (Canada), Sarah Watts and Michael Bell (UK), Ankara Wind Quintet (Turkey) and others. He has had a series of concerts in Canada (Calgary, Regina, Toronto) UK (London, Manchester), Brazil (Rio de Janeiro, Sao Paulo, Campinas, Recife) and others. He has received grants for creative work from The Canada Council for The Arts and Alberta Arts Council. Among other awards, his composition Metaanthropos/Evolutio 1 for flute and electronics won the first prize in the Second International Computer Music Competition Pierre Schaeffer, 1999 and his orchestra piece à gauche, à droite, en haut was awarded an honourable mention in the 10e Concours International de Composition Musicale de Besançon (2000), France. Recently his research focused on the development of software for interactive realtime performance – ENACTIV , Interactive Multimodal Composing System and Attractors Library a collection of MAX/MSP/Jitter modules. Currently his creative interests are live electroacoustic composition, in particular the interaction between instruments/voice and computer platforms and the nature of creative processes in the context of Systems Theory and Cognitive Science.

ЈАНА АНДРЕЕВСКА (1967)

дипломира и магистрира композиција на ФМУ во Скопје, во класата на професор Томислав Зографски. Во текот на своето образование посетува композиторски работилници со Мајкл Најман, Ерик Годибер, Луи Андрисен, Тон де Леу, Најџел Озборн, Џон Вулрич, Франсоа Бернар Маш и други. Нејзините дела се изведувани од домашни и странски ансамбли и солисти во Македонија, Австрија, Хрватска, Србија и Црна Гора, Словенија, Молдавија, Украина, Холандија, Германија, Данска, Русија, Франција. Таа е професор по композиција и музички форми на ФМУ во Скопје и продекан за меѓународна соработка.

JANA ANDREEVSKA (1967)
earned both her BA and MA in Composition from the Faculty of Muisc in Skopje, in the class of Professor Tomislav Zografski. During her studies she participated in many master classes, where she worked with composers such as Michael Nyman, Louis Andriessen, Ton de Lew, Eric Gaudibert, Nigel Osborne, John Woolrich, Francois Bernard-Mache and others. Her works have been performed by domestic and foreign ensembles and soloists in Macedonia, Austria, Croatia, Serbia and Montenegro, Slovenia, Ukraine, Moldova, Netherlands, Germany, Denmark, Russia and France. She currently works as a Professor and Vice-Dean at the Faculty of Music in Skopje.

ВАЊА НИКОЛОВСКИ-ЃУМАР (1968)
дипломира диригирање на ФМУ во Скопје во 1992 година, во класата на професор Фимчо Муратовски и композиција во класата на професор Властимир Николовски, во 1993 година. Во периодот 1995/96 година специјализира оркестарско и симфониско диригирање на Конзерваториумот „Николај Римски Корсаков" во Санкт Петербург. Бил диригент на Македонската опера и балет и соработувал со Македонската Филхармонија и сите позначајни македонски ансамбли. Во моментов работи како професор во музичкото училиште „Јамаха" во Феникс, Аризона. Неговото творештво опфаќа камерни, хорски, солистички и симфониски дела. Во 2000 година, ја добива наградата „Панче Пешев" за композицијата „Зигурати" за симфониски оркестар.

VANJA NIKOLOVSKI-GJUMAR (1968)
earned his BA in both Conducting and Composition from the Faculty of Music in Skopje, in 1992 and 1993 respectively. In the period 1995/96 he gained a specialization in orchestral and symphonic conducting at the Conservatory "„Nikolai Rimski Korsakov" in Saint Peterburg. He was conductor of the Macedonian Opera and Ballet and has also collaborated with the Macedonian Philharmonic Orchestra and other significant ensembles in the country. He currently lives in Arizona, USA, where he teaches music in the „Yamaha" Music School in Phoenix. In 2000, Gjumar received "Panche Peshev" award for the composition "Zigurati" for symphonic orchestra.

РОБЕРТ САЗДОВ (1969)
е композитор, музички продуцент, истражувач и едукатор. Се стекнал со награди и признанија од различни организации и институции, вклучувајќи ги „Pier re Schaeffer" Competition, Musica Nova Competition, Bourges International Competition, Just Plain Folks Music Awards и Audio Engineering Society. Неговата музика е издадена од страна на Capstone Records, Vox Novus, Accademia Musicale Pescarese, Society for Electroacoustic Music, Australasian Computer Music Association, и SoundLab Channel. Делата на Роберт Саздов се изведени на фестивали и концерти во Канда, Кина, Република Чешка, Франција, Германија, Велика Британија, Ирска, Македонија, Нов Зеланд, Романија, Јужна Америка, Шведска, САД и Австралија. Тој е член на Интернационалната асоцијација за компјутерска музика (ICMA), Мрежа за студии на електроакустична музика (EMS), Audio Engineering Society (AES), австралискиот Сојуз за компјутерска музика, каде е и член на Извршниот Одбор од 2003 до 2007. Роберт Саздов остварил богато педагошко искуство во дисциплините на музичката технологија, композиција, музичка продукција, аудио инженерство, психоакустика, етномузикологија и популарна музика. Во моментов тој ги фокусира своите истражувања на перцепциите на повеќеканалните звуци и формирањето на пристапот на композиторот на повеќеканалните конфигурации.

ABOUT THE AUTHORS

ROBERT SAZDOV (1969)

is a composer, music producer, researcher and educator. He has received prizes and awards from various organizations and institutions including: „Pierre Schaeffer" Competition, Musica Nova Competition, Bourges International Competition, Just Plain Folks Music Awards and the Audio Engineering Society. His music has been released by Capstone Records, Vox Novus, Accademia Musicale Pescarese, Society for Electroacoustic Music, Australasian Computer Music Association, and SoundLab Channel. Robert's work has been performed in various festivals and concerts in Canada, China, Czech Republic, France, Germany, Great Britain, Ireland, Macedonia, New Zealand, Romania, South America, Sweden, the US, and throughout Australasia. He is member of the International Computer Music Association (ICMA), Electroacoustic Music Studies Network (EMS,) Audio Engineering Society (AES), Irish Sound, Science and Technology Association (ISST A), and Australian Computer Music Association (ACMA), where he was on the executive committee between 2003-2007. He has extensive teaching experience lecturing in the disciplines of music technology, composition, music production, audio engineering, psychoacoustics, ethnomusicology and popular music. Robert's current research focuses on the perception of multi-channel surround sound and formulating compositional approaches for multi-channel configurations that included elevated loudspeakers.

ПАНДЕ ШАХОВ (1973)

студира со Ристо Аврамовски и дипломира во класата на проф. Томислав Зографски, а се усовршува на Royal College of Music во Лондон (во класта на Џулиан Андерсон) и на Royal Holloway University of London (каде ги завршува своите докторски студии, под менторство на Phil Cashian). Неговата музика била изведувана од Македонската филхармонија, Софиската филхармонија, Smith Quartet, Lontano, Ixion, Chroma и Composers' Ensemble. Премиерните изведби за 2012/2013 го вклучуваат A Few Notes to Reard од страна на Кокоро ансамблот, како и делото Meier Settings за 16 соло гласови од стран на New London Chamber Choir. Неодамна, тој доби нарачка од Фондацијата „Зографски" за дело за пијано, коешто премиерно ќе го изведе Симон Трпчески. Шахов предава на Royal College of Music и на Alton College во Хемпшир. Организирал и водел неколку мастеркласови и семинари во Британија и Македонија. Тој беше еден од композиторите инволвирани во неодамнешниот проект Create the Future. Шахов неодамна беше назначен за Уметнички директор на Farhnam Festival во Сури, биенала на нова музика за млади луѓе.

PANDE SHAHOV (1973)

studied with Risto Avramovski and Tomislav Zografski in Macedonia, before continuing at the RCM (with Julian Anderson) and at the Royal Holloway University of London (finishing his PhD under Phil Cashian' s supervision). His music has been performed by the Macedonian and Sofia Philharmonic Orchestras, the Smith Quartet, Lontano, Ixion, Chroma and Composers' ensembles. Premieres scheduled during the 2012/13 season include A Few Notes to Read (Kokoro Ensemble) and Tremor (Reconsil Ensemble Vienna). Recently, he was commissioned to write a solo piano piece by the Zografski Foundation, to be premiered by the renowned pianist Simon Trpceski. Pande teaches at the Royal College of Music and Alton College in Hampshire. He has organised and led several workshops and seminars in Britain and Macedonia. He was one of the composers involved in the recent Create the Future project of the Hampshire Music Service, working with pupils from Y ateley School. Pande was recently appointed Artistic Director of Farnham Festival in Sur rey, a biennale of new music for young people.

МИХАИЛО ТРАНДАФИЛОВСКИ (1974)

студира како стипендист на Државниот универзитет во Мичиген (САД) и на Кралскиот музички колеџ во Лондон, каде завршил магистерски и докторски студии. Добитник е на наградата за композиција на Обединетите музички

издавачи од страна на Кралскиот музички колеџ во Лондон, на наградата Панче Пешев за најдобро ново дело на фестивалот „Денови на македонска музика“ во 2006 година, како и на стипендијата Чивенинг на Британската влада во 2002 година. Неговата музика е промовирана од Здружението за промоција на нова музика и изведувана низ Европа, Америка и Јапонија. Меѓу скорешни реализирани нарачки се дела за виолинистот Peter Sheppard Skaerved, кларинетистот Roger Heaton и Новиот Лондонски Камерен Хор. Музички директор е на организацијата FuseArts, а како виолинист е член на гудачкиот квартет „Кројцер“ со кој има реализирано бројни концерти и снимки за Naxos, NMC, Toccata Classics, Metier и Guild. Авторски компакт диск со негова камерна музика беше издаден од LOREL T во 2011 (изведувачи Lontano и Kreutzer Quartet, диригент Odaline de la Martinez). Како виолинист, тој е член на Кројцер квартетот од 2006 година. Тој е еден од основачите и музички директор на непрофитната организација FuseArts, чија цел е да ја промовира современата музика за поширока публика.

MIHAILO TRANDAFILOVSKI (1974)

studied under scholarships at Michigan State University, USA (BMus) and the Royal College of Music (RCM), London, UK (MMus and DMus). Among prizes/awards are a British Government Chevening scholarship and the Panche Peshev Award for best new piece at the festival Days of Macedonian Music. His music has been promoted by the Society for the Promotion of New Music (SPNM - now Sound and Music), and performed throughout Europe, America and Japan. Recent commissions have come from violinist Peter Sheppard Skaerved, clarinettist Roger Heaton and the New London Chamber Choir. Other performers include Quatuor Diotima, Moscow Contemporary Music Ensemble and Pierrot Lunaire Ensemble Wien. A portrait CD with his chamber music was released by LOREL T in 2011 (performers Lontano and Kreutzer Quartet, conductor Odaline de la Martinez). As a violinist, Mihailo has been a member of the Kreutzer Quartet since 2006. He is also one of the founders and a Music Director of FuseArts, a not-for-profit organisation formed in 2009, supporting shared projects among the arts and promoting contemporary artistic creativity to a wider audience.



КАТЕРИНА ПЕЈОСКА (1976)

композиција студирала во Македонија, Чешка и Холандија. За прв пат и се претставува на македонската публика на 18 годишна возраст, на манифестацијата „Денови на македонска музика“. Нејзините дела се изведувани и во Европа и САД. На почетокот на својата кариера Пејоска компонира акустична музика, но на Школата за Уметност во Утрехт се пренасочува кон електронската музика. Последниве десет години се фокусира на применета музика. Значајна е и на полето на филмската музика, каде во 2000 година ја добила наградата „Златен пламен“ за музиката во филмот „Droomjager“. Покрај филмската музика, Пејоска често работи со комбинации од акустични елементи и жива електроника за уметнички инсталации, театар и танц. Од 2004 година работи како професор на Факултетот за Музичка технологија при Школата за Уметност во Утрехт.

KATERINA PEJOSKA (1976)

studied in Macedonia, Czech Republic and Holland. Her first appearance as a composer was at "Days of Macedonian music" festival. Her works have been performed in many European countries and the USA. Pejoska developed interested toward electronic music studying at Utrecht University in Holland. Her focus in the past ten years is placed on composing music for film and tehater. In 2000, she received "Golden Flame" award for her music in the film "Droomjager". Pejoska is a renowned author of electroacoustic music, music for live electronics, art instalation, theater and dacne. As of 2004, she is a Professor at the Facultu of Music Technology, Utrecht University.

ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОВСКА - ТРАЈАНОВСКА (1976)

дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот за музичка теорија и педагогија, а

ABOUT THE AUTHORS

подоцна се запишува на одделот по композиција во класата на професор Томе Манчев. Магистрира на одделот по теорија на оркестрација, а во моментов е на докторски студии по композиција во класата на истиот професор. Во моментов работи како Вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Автор е на повеќе солистички, хорски, камерни и оркестарски дела, како и на повеќе трудови од областа на музичката наука и теоријата на оркестрација. Добитник е на повеќе награди, признанија и стипендии.



VALENTINA VELKOVSKA – TRAJANOVSKA (1976)

graduated at the composition department at the Faculty of Music in Skopje, in the class of prof. Tome Manchev. She completed her Master studies in Theory of Orchestration. At the moment, she is enrolled in doctoral studies at the Faculty of Music in Skopje. Velkovska – Trajanovska works as a Associate professor at the University "Goce Delchev" in Shtip. She has participated at numerous seminars, master classes, residences for composition, film and electronic music in Macedonia, England, Czech Republic, Serbia, Sweeden and USA, and worked with distinguished professors, like Saariajo, Anderssen, Saunders, Radvilovich, Woolrich and others. She has composed many solo, choral, chamber and orchestral works.

ГОЦЕ ГАВРИЛОВСКИ (1978)

дипломира на одделот за композиција во класата на Гоце Коларовски, при Факултетот за музичка уметност во Скопје, а магистрира теорија на оркестарција во класата на Томе Манчев на истата институција. Автор е на солистички, вокални, камерни, оркестарски и хорски дела. Работи како вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Неговите хорски композиции „Заблеало" и "Meditation mix combination", беа наградени на Петтиот меѓународен конкурс за композиција насловен „Хорска лабораторија на 21. век", кој се одржа во Санкт Петербург. Истите беа изведени во рамките на хорскиот фестивал „Огледало на времето - 21. век" во Санкт Петербург изминатиот декември.

GOCE GAVRILOVSKI (1978)

graduated from the composition department at the Faculty of Music in Skopje, in the class of Goce Kolarovski, and received his Masters degree in theory of orchestration in the class of Tome Manchev. He has composed solo, vocal, chamber, orchestral and choral works. Gavrilovski works as an Associate professor at the Faculty of Music, University of Shtip. Both of his choral compositions received awards at the Fifth International Composition Competition, entitled "Choral Laboratory of the 21st Century", held in Saint Peterburg, Russia and were performed at the choir festival "Mirror of Time – 21st Century", last December.

ДАРИЈА АНДОВСКА (1979)

дипломирала композиција на Факултетот за музички уметности во Скопје во класата на Гоце Коларовски, магистрирала на ZHdK во Цирих, Швајцарија, во класата на Изабел Мундри (современа музика), Доменико Ферари и Андре Белмо (филмска и театарска музика, продкуција). Моментално е на докторски студии под менторство на Каја Черновин, Харвард Институт, САД.Автор е на камерна, соло, оркестарска, симфониска и хорска музика, како и на музика за филм, театар, танц и мултимедијални проекти. Добитник е на стипендии и учесник на мастеркласеви и работилници во Скопје, Санкт Петербург, Белград, Дрезден, Охрид, Берлин, Цирих, Солотурн, Штутгарт, Сараево, Фрајбург, Герлиц, Утрехт/Охрид, Вроцлав, Кремона. Нејзините дела се изведувани на фестивали и концерти во Македонија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Италија, Германија, Грузија, Франција, Англија, Ирска, Данска, Шведска, Норвешка,

Украина, Азербејџан, Австрија, Албанија, Русија, Мексико, Канада, Полска, Романија, Ерменија, Турција, САД, објавени на CD-а во Швајцарија, Босна и Херцеговина, Италија, Македонија, Србија и Црна Гора, Германија, а издадени во печатена форма од Nuova Stradivarius– Италија, Sordino– Швајцарија, Сојуз на композиторите на Македонија– Македонија. Добитник е на неколку награди, вклучувајќи ги наградите од конкурсите на pre-art, Швајцарија и на Музичка младина на Македонија, како и на "Виртуози 2012". Во 2013 е избрана како еден од шесте најактуелни млади композитори во Европа, во рамките на MusMA- Music Masters on Air. Нејзините филмови и театарски претстави биле номинирани и наградени на фестивали како Сараевски филмски фестивал, Берлински филмски фестивал, Бриџ филмски фестивал, МЕСС Сараево, Војдан Чернодрински.Работи како доцент на Факултетот за музички уметности, како и на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

DARIJA ANDOVSKA (1979)

human by vocation, musician by profession, Macedonian by place of birth. Born in Skopje, graduated composition in the class of Goce Kolarovski at the Faculty for music, Skopje, Macedonia; got her MA degree in the class of Isabel Mundry at ZHdK in Zürich, Switzerland; currently enrolled on DA studies, under the mentorship of Chaya Czernowin, Harvard Institut, USA. Composer of chamber, solo, orchestral, symphonic, choral music as well as film music, theatre, dance and multimedia projects. Won scholarships and visited master classes and workshops in Skopje, St.Petersburg, Belgrade, Dresden, Ohrid, Berlin, Belgrade, Zürich, Solothurn, Summer Academie Schloss Solitude- Stuttgart, Sarajevo, Zürich, Freiburg, Görlitz, Utrecht. Her works have been performed on festivals and concerts in Albania, Armenia, Austria, Azerbaijan, Bosnia & Herzegovina, Bulgaria, Canada, Croatia, Denmark, England, France, Germany, Georgia, Italy, Ireland, Macedonia, Mexico, Montenegro, Norway, Poland, Romania, Russia, Serbia, Slovenia, Sweden, Switzerland, Turkey, Ukraine, United States of America. Her music has been published on CDs in Switzerland, Bosnia & Herzegovina, Italy, Macedonia, Serbia & Montenegro, Germany, and her scores published by Nuova Stradivarius- Italy, Sordino-Switzerland, Association of Composers- Macedonia. Won several competitions, including pre-art and Macedonian Musical Youth competition. Her films and theatre plays were nominated and won several prizes at festivals like Sarajevo Film Festival, Berlinale Film Festival, Bridge Festival, MESS Sarajevo. Currently works as a Docent at the Faculty for music in Skopje, as well as at the Faculty for dramatic arts. In 2013, Andovska was selected among the six best young composers of Europe, at MusMa – Music Masters on Air.

АЛЕКСАНДАР ПЕЈОВСКИ (1979)

дипломирал на ФМУ во Скопје во 2004 година. Хармонски основи на џезот и аранжирање учи со Илија Пејовски, а класична композиција со професор Томислав Зографски. Неговото творештво вбројува: симфониска, камерна, биг бенд и хорска музика. Реализирал седум аудио изданија: „Змеј од Хартија", „Омаж на Учителите", „Норвешка Денес", „Дискреирање Мантра", „Ле Томбо", „Ум Заум" и „ФИРОМ Реквием". Во 2004 -та година со композицијата „Луѓе" добива прва награда за оригинална џез композиција за биг бенд на конкурсот во Барга, Италија. Во 2006 -та година со композицијата „Хаикјуб – 575" за симфониски дувачки оркестар, беше избран во седумте финалисти, од вкупно осумдесет и шест кандидати на интернационалниот конкурс во Јапонија. Композицијата беше изведена од Tokyo Kosei Wind Orchestra во Фумон – Кан Хол, Токио, Јапонија. Во 2007-ма, истата композиција е повторно изведена во Кавасаки, Јапонија, од Градскиот Аматерски Дувачки Оркестар. Работел како композитор на еден ТВ филм, дваесетина кусометражни, два документарни, два долгометражни играни филма и на четири театарски претстави.Тесно врзан со политичко-социјалните аспекти на живеењето во Македонија, тој неуморно во континуитет создава музички дела кои во себе силно ја поседуваат локалната, но и глобалната општествена реалност. Делата на Пејовски се изведувани во САД, Германија, Хрватска, Италија и Австрија.

ABOUT THE AUTHORS

ALEKSANDAR PEJOVSKI (1979)
graduated at the Faculty of Music in Skopje. Jazz harmony and arrangements studied with Ilija Pejovski, and classical composition with Tomislav Zografski. His opus comprises orchestram chamber, choral works as well as compositions for big band. In 2004, he was awarded the Best Composition Award in Barga, Italy, in 2006 was seleced among the seven finalists at the Contemporary Music Festival organised by Tokyo Kosei Wind in Japan. Pejovski has worked as a composer for film, including over 20 feature shorts, two documentaries, dwo feature movies as well as four theatre plays. Closely related to the political and social aspects of life in Macedonia, Pejovski, in continuity creates works that resemble the local and global reality. His works have been performed in the USA, and around Europe.

ДАМЈАН ТЕМКОВ (1981)
дипломира на отсекот за композиција во 2006 година, во класата на проф. Гоце Коларовски, а магистрира во 2012 година на истиот оддел, под менторство на Сони Петровски. Работи како професор во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје. Учествувал на повеќе семинира во земјата и странство, а напишал дела за соло инструменти, камерни и оркестарски дела кои се изведувани во Македонија, Бугарија, Романија, Италија, Англија и други земји.

DAMJAN TEMKOV (1981)
graduated from the composition department at the Faculty of Music in Skopje, in the class of Goce Kolarovski, and received his Masters degree from the same department, under the mentorship of Soni Petrovski. He works as a professor at DMBUC "Ilija Nikolovski – Luj" in Skopje. Temkov has participated in many masterclasses and workshops in Macedonia and abroad, working with distinguished professors and composers. His opus comprises all music genres, and have been successfully performed in Macedoni, Bulgaria, Romania, Italy, England.

АНДРЕЈ КОРОЛИОВ (1982)
е роден во Хамбург, во музичко семејство. Студира пијано на Високата школа за музика и театар во Хамбург, во класата на проф. Мариан Мигдал. Паралелно со студиите по пијано, во 2003 година ги започнува студиите по композиција и музичка теорија, работејќи со професорите Peter Michael Hamel и Dr.Manfred Stahnk. Королиов е автор на акустични и електроакустични дел, меѓу кои првенствено дела за соло инструменти, камерни состави и оркестар, во кои една од преокупациите е перформативниот аспект на музицирање, како и интеракцијата на индивидуата во општествениот контекст. Неговите дела се изведени од страна на повеќе солисти и ансамбли, меѓу кои Олга Лоботски, Фрауке Алберт, Scardenelli Quartet, Trio Sonar, Ensemble 21, Ensemble Decoder, на многубројните концерти на катедрата за композиција, на фестивалите "Blured Edges", Klub Katarakt Hamburg, Internazionalen Ferienkurs Darmstad, во салата на германското радио NDR. Како пијанист, Королиов остварува забележителни настапи како солист и камерен музичар, со ансабмлот Integrales на фестивалот "Schleswig-Holstein", со ансамблот Decoder и како солист со оркестарот Hamburger Symphoniker. Неговиот репертоар опфаќа стандардни дела од епохата на класицизмот и романтизмот, како и многубројни композиции од 20. и 21. век (Штокхаузен, Ксенакис, Берио, Бусоти, Волф, Кеџ, Хаиду, Фуџикура, Нојвирт). Во 2011 година заедно со Фројке Ојлберт и Леополд Хурт го основаат ансамблот „Декодер". Ансамблот има мисија да го негува експерименталното и творештвото на помладата генерација композитори во Германија. Во 2012 година, ансамблот ја доби наградата на Фондација Каи и Милена Ебел. Андреј Королиов е стипендијант на Фондацијата Оскар и Вера Ритер, добитник на наградата Јамаха за млади композитори и наградата „Алфред Шнитке" во Москва.



ANDREJ KOROLIOV (1982)

was born in Hamburg, in musical family. He studied piano at the Hochschule für Musik und Theater in Hamburg, in the class of prof. Marian Migdal and composition and music theory with Michael Hamel and Manfred Stahnk. He participated at master classes with Bernard Lang and Helmut Lacherman. Koroliov is author of acoustic and electro-acoustic compositions for solo instruments, chamber ensembles and orchestra, in which the main focus is placed on the performative aspect, as well as the interaction of the individual in social context. His works have been performed by many soloists and ensembles, among which Olga Lobotsky, Frauke Albert, Scardenlli Quartet, Trio Sonar, Ensemble 21, Ensemble Decoder, and at the Blured Edges festival, Klub Katarakt Hamburg, Internazionalen Ferienkurs Darmstad and others. As a pianist, Koroliov has been performing as a soloist (Hamburger Symphoniker) and in chamber formations (Integrales, Decoder and other ensembles). His piano repertoire comprises works from the classical and romantic era, as well as 20th and 21st century pieces (Stockhausen, Xenakis, Berio, Busotti, Cage, Fujikura, Haidu and others). In 2011, alongside Freuke Eulbert and Leopold Hurt, Koroliov founded Decoder Ensemble. Its mission is to nourish the experimental opus of the younger generation German composers. In 2012, the ensemble was given the Kai and Milena Ebel Foundation Award. Andrei Koroliov is Oscar and Vera Rieter Foundation Scholar, and Y amaha Competition for Young Composers and "Alfred Schnitke" Competition Laurate.

ФАТОС ЛУМАНИ (1983)

студиите ги започнува во 2002 година во класата на професорот Тома Гаќи, на Музичката академија во Тирана. Веднаш по дипломирањето, започнува да работи како професор во истата институција. Иако припаѓа на помладата генерација музички автори, Лумани зад себе има неколку значајни награди (втора награда на „Cesk Zadeja" Тирана; втора награда на натпреварот за Национална химна на Република Косово) и изведби на дела на сцените во Македонија и Албанија. Автор е на повеќе солистички, камерни и оркестарски дела.



FATOS LUMANI (1983)

completed his studies at the Music Academy in Tirana in 2002, where today he holds a teaching position. Although relatively young, Lumani already received several international composition awards (Second award at "Cesk Zadeja" in Tirana, Second award for National Hymn of Kosovo) and his works are regularly performed on the concert stages in Macedonia and Albania. Lumani has composed many solo, chamber and orchestral works.

ГОЦЕ СИМОНОВСКИ (1984)

Дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на одделот по композиција, во класата на проф. м-р Гоце Коларовски. Со авторски дела има учествувано повеќепати на манифестацијата „Денови на Македонска музика", како и на повеќе културни настани низ Република Македонија и соседството (Албанија, Србија, Бугарија).

GOCE SIMONOVSKI (1984)

Goce Simonovski graduated from the composition department at the Faculty of Music in Skopje, in the class of prof. Goce Kolarovski. He has presented his works at "Days of Macedonian Music", and also at many cultural events in Macedonia, Albania, Serbia and Bulgaria.

ABOUT THE AUTHORS

АНА ПАНДЕВСКА (1985)
Дипломира на одделот по композиција на ФМУ – Скопје. Нејзините композиции се изведени во САД, Србија, Словенија, Македонија. Добитник е на стипендија за двомесечен престој во САД на летниот камп „Интерлохен" и награди по пијано на државно ниво. Значајно е и нејзиното учество во перформанс на биеналето за млади во 2009, настапи со ПОГ АН - ПАГАН бендот низ Македонија итн. Како долгогодишен член на хоровите „Пиколо", „Св. Злата Мегленска", хорот при Ансабмлот „Танец", таа особено се интересира за вокалната музика. Со „Танец" ги проучува старите изворни, традиционални песни што се забележува како инспирација во некои од нејзините композиции. Освен фоклорот, во нејзините дела се чувствуваат и влијанија од џез музиката. Напишала солистички, камерни, хорски и симфониски дела. Пандевска работи како професор во „Credo school of music".

ANA PANDEVSKA (1985)
graduated from the compositional department at the Faculty of Music, in the class of Jana Andreevska (she began her studies with Goce Kolarovski). Her works have been performed in USA, Serbia, Slovenia, Macedonia. She has been awarded several scholarships and grants, such as the scholarship at Interlochen Summer Camp in the USA. Pandevska has received several piano awards at state competitions, and has participated at the Bienalle of young artists in 2009. She has been a member of the alternative band Pogan – Pagan and has participated in the making of the soundtrack for the Macedonian movie "Upside-Down". As a member of several choral ensembles in Macedonia, such as "Pikolo", "Sv. Zlata Melgenska", the choir of the Ensemble "Tanec", she has been particularly interested in the vocal music. As part of "Tanec", she has been researching the old, traditional songs, which are noted as an inspiration in some of her works. Other influence is the jazz music. She has composed works for solo instruments, chamber ensembles, choral and symphonic works. At the moment, Pandevska works as a teacher at "Credo school of music" in Skopje.

ИВАН ПЕНОВ (1985)
е композитор, аудиовизуелен уметник и истражувач. Студирал музички технологии и дигитални уметности на Конзерваториумот во Трст (Италија) и е добитник на признанија и награди на различни фестивали меѓу кои ICMC (Љубљана, 2012), Festival Synthése (Бурж, 2008), Synchresis (Валенсија, 2011-2012), IRZU (Љубљана, 2011), Биенале за современа музика (Копер, 2012), Фестивал за микротонална музика (Марибор, 2012), CIM (Трст, 2012), Фестивал за електроакустични миниатури (Шпанија, 2010), EMUFest (Рим, 2009) Mittelfest (Трст, 2013), All Frontiers (Италија, 2013), KcEMA (Канзас Сити, 2014), Логос (Гент, 2014), Musiques & Recherches (Брисел, 2014) и други. Пенов работи на истражувања во областа на историскиот репертоар на електроакустична музика преку научните трудови за музиката на Штокхаузен, Ксенакис, Котонски (Aracne editrice - Рим, 2013).

IVAN PENOV (1985)
is a composer, audiovisual artist and researcher. He studied music technology and digital art at the Conservatory in Trieste, Italy and received several recognitions and awards at international festivals, such as IMCM in Ljubljana in 2012, Festival Synthése in Bruges, 2008, Synchresis in Valencia, 2011-2012, IRZU, Ljubljana, 2011, Bienalle of Contemporary Music in Coper, 2012, Festival of Microtonal Music in Maribor, 2012 година, Mittlefest in Trieste in 2013, All Frontiers in Italy in 2013, KcEMA in Cansas City in 2014, Logos in Gent in 2014 and others. He has been working on research in the area of historic repertoar of electroacoustic music, focusing on music by Xenakis, Stockhausen, Kotonski (Aracne editrice – Rome, 2013)

БОЈАНА ПЕТРОВИЌ (1985)

Дипломира на одделот за композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии, а во моментов е магистрант на катедрата по музички науки кај проф. д-р Викторија Коларовска – Гмирја. Како вокалист во бендот „Поган Паган" учествува во создавањето на музиката за првиот македонски анимиран филм, дел од омнибусот „Skopje Remixed" во соработка со режисерот Срѓан Јаниќијевиќ, со кого претходно соработува во компонирање на дел од музиката за театарската претстава „Дракула". Меѓу нејзините проекти се вбројува и ангажманот како оркестратор и музички соработник во филмот „Мајки" на Милчо Манчевски, како и учеството во првата хорска работилница кај нас со хорот „Про Арс" под диригентство на маестро Сашо Татарчевски. Има напишано дела за соло инструменти, за хор, како и камерна и симфониска музика. Делата на Петровиќ се изведувани во земјата и странство од повеќе солисти и ансамбли.

BOJANA PETROVIC (1985)

Bojana Petrovic graduated from the composition department at the Faculty of Music. At the moment, she is enrolled in Master studies in Musicology, working with Prof. Viktorija Kolarovska-Gmirja. As a vocalist of the band „Pogan Pagan", Petrovic collaborated in the creation of the music for the omnibus „Skopje remixed", having previously collaborated with the director Srgjan Janakijevic on a different project (the theatre play „Dracula"). Among her engagments is the collaboration as an orchestrator of the music for the movie „Mothers", directed by Milcho Manchevski, participation at the choir workshop with the chamber choir "Pro Ars", under conductor Sasho Tatarchevski. Her composition "Canon" for saxophone quartet, performed by the renowned "Saxofonquadrat" was released on a CD by SOCOM. Her works have been performed in Macedonia and abroad by many soloists and ensembles. Petrovic has composed solo, chamber, choral and symphonic works, which have been performed in Macedonia and abroad.

МИХАЈЛО ШТЕРЈЕВ (1985)

дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот по композиција во класата на Проф. д-р Томе Манчев. Работи како надворешен соработник на Факултетот за музичка уметност при универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Учествувал на семинари и работилници по композиција во Македонија и Србија, каде што работел со композитори како Фебел, Шчербаков, Пенкина, Кларк, Симаку и др. Автор е на солистички, камерни, вокални и оркестарски дела кои се изведувани во земјата и странство.

MIHAJLO SHTERJEV (1985)

graduated from the composition deparment at the Faculty of Music in Skopje, in the class of Prof. Tome Manchev. He works as a collaborator at the Faculty of Music in Stip. Sterjev has participated in numerous seminars and workshops and had his works performed in Macedonia and several other European countries. He writes solo, chamber, vocal and symphonic music.

ВИГАН АЈДАРИ (1989)

е студент по композиција на Државниот Универзитет во Тетово. Средно музичко училиште завршува во Тетово, а потоа своето образование го продолжува на Музичката академија во Тирана. Две години подоцна се враќа во Тетово, каде ги продолжува своите студии. Досега има напишано солистички композиции и композиции за камерни состави.

ABOUT THE AUTHORS

VIGAN AJDARI (1989)
is a composition student at the State University in Tetovo. He started his music education at the Music Academy in Tirana. His opus consists of solo and chamber works.

МАЈКЛ БАКРНЧЕВ (1989)
студира композиција под менторство на Џарард Брофи. Дипломира со посебни одлики (Honours Degree) во 2012 година. Добитник е на неколку награди, вклучително Music Teacher's Association of Queensland (MT AQ) Composition Competition (2011), наградата June Fox Patron Award (2011), Vox Novus, '15 Minutes of Fame' prize (New York City 2011), како и престижната Adolph Spivakovsky Scholarship (VCA/Melbourne University) за композиција (2012), меѓу останатите. Делата на Бакрнчев биле изведувани во Бризбејн (како дел од кампот на Австралискиот младински оркестар), потоа во Мелбурн, Канада, Њу Јорк, Австрија, Шкотска, Србија, на фестивалот „Денови на македонска музика„, на Encounters Music Festival (2010), Crossbows Chamber Music Festival (2012) и Encounters New Music Concert – (2011). Своето оркестарско деби, тој го оствари со делото "Flight" кое беше премиерно изведено од страна на Македонската филхармонија. Заедно со осум други композитори од Бризбејн, делото Dreaming of an Imaginary Country (инспирирано од цитат на Дебиси), ќе се најде на албумот "Grey St." кој ќе биде издаден од страна на етикет ата "Dare CD Project". Неодамна, тој стана добитник на највисоката награда за композиција, Harris-Peck Composition Prize која ја доделува Конзерваториумот во Квинсленд, Австралија. Освен парична награда, Бакрнчев доби нарачка за симфониско дело, кое ќе биде изведено од страна на Симфонискиот оркестар на Конзерваториумот во 2014 година.

MICHAEL BAKRNČEV (1989)
graduated with Honours in Music Composition, under the tutelage of Gerard Brophy. Bakrnčev's works have been performed widely in Australia and internationally, and is the winner of several awards including: the Music Teacher's Association of Queensland (MT AQ) Composition Competition (2011), the June Fox Patron Award (2011), Vox Novus, '15 Minutes of Fame' prize (New York City 2011) & the prestigious Adolph Spivakovsky Scholarship (VCA/Melbourne University) for Composition of Music (2012), along with many others. Bakrnčev's music has been performed in Brisbane, Adelaide (as part of the Australian Youth Orchestra National Music Camp), Melbourne, Canada, New York, Linz -Austria, Scotland, Serbia, Days of Macedonian Music Festival (DMM 2012, Skopje), Encounters Music Festival (2010), Crossbows Chamber Music Festival (2012) & Encounters New Music Concert – (2011). His orchestral debut was the composition "Flight", which was premiered by the Macedonian Philharmonic. In 2013, he was selected the winner of the Queensland Conservatorium's highest composition prize, the Harris-Peck Composition Prize, and was given the privelage to compose a piece for the Queensland Conservatorium Symphony Orchestra, which will be premiered in 2014. Along with eight other composers from Brisbane, Bakrnčev's piece "Dreaming of an Imaginary Country" (inspired by a quote by Debussy), will be featured on their album titled "Grey St." on the "Dare CD Project" Label.

ТЕА БОГАТИНОВА (1990)
е апсолвент на ФМУ во Скопје, одсек композиција, во класата на проф. м-р Јана Андреевска. Покрај редовното учество на ДММ со солистички и камерни дела, во октомври 2012г. беше дел од музичката работилница со хорот Про Арс, на диригентот проф. С.Татрчевски. Во декември 2012г. зема учество во музичката аудио-визуелна работилница со студенти - демонстранти од Холандија, во која се вршеше изучување, изработка и презентација

на музика за краток филм. Во октомври 2013 година посетувала мастерклас по композиција "Sarajevo Sonic Studio" со германскиот композитор Heiner Goebbels, во Сараево, Босна и Херцеговина. Освен солистички и камерни дела, има создадено хорски композиции за женски и мешан хор, како и дело за гудачки оркестар.

TEA BOGATINOVA (1990)

is a graduate student at the Faculty of Music in Skopje, in the class of prof. Jana Andreevska. She regularly participates at the festival "Days of Macedonian Music" with her works. In 2012, she was part of the workshop with the chamber choir "Pro Ars", and in December the same year, she took part in the music audio-visual workshops with students and junior lecturers from Holland. In October 2013, she took part in the composition masterclass "Sarajevo Sonic Studio" in Bosnia, led by the german composer Heiner Goebbels. Apart from solo and chamber works, she has composed choral composition, as well as one work for chamber orchestra.

МАРИЈАНА ЈАНЕВСКА (1990)

во 2009 година се запишува на ФМУ на вокално-инструменталниот оддел, отсек виолина во класата на професор м-р. Михаило Куфојанакис. Во 2012 година паралелно се запишува на одделот по композиција во класата на доц. м-р. Дарија Андовска. Посетувала семинари и предавања кај Најџел Кларк, Питер Шепард, Ино Мирковиќ, а учествувала и на музички работилници за електронска музика. Има напишано солистички, хорски и камерни дела изведувани во Македонија, Србија и Босна и Херцеговина.

MARIJANA JANEVSKA (1990)

began her academic education at the Vocal and Instrumental department at the Faculty of Music in Skopje, in the violin class of prof. Mihailo Kufojanakis. In 2012, she enrolled in the composition department, where she is a I year student in the class of Doc. Darija Andovska. She has participated in seminars and master classes with Nigel Clarke, Peter Sheppard Skaerved, Ino Mirkovic, as well as in workshops for electronic music. She has written a few works for solo instruments.

ФИЛИП ИВАНОВ (1992)

на Факултетот за музичка уметност во Скопје се запишува најпрвин на одделот за музичка теорија и педагогија, а потоа се префрла на одделот по композиција, во класата на доц. м-р Сони Петровски.

FILIP IVANOV (1992)

is a student of the composition and theory and pedagogy departments at the Faculty of Music in Skopje, in the class of Doc. Soni Petrovski.

АЛМИР БАЈРАМОВСКИ (1993)

студент по композиција на Факултетот за музичка уметност, во класата на Доц. М-р Сони Петровски. Има напишано солистички и камерни дела. Во 2013 година посетувал предавања за "Вовед во музичката технологија" кај Проф. М-р. Роберт Саздов.

ABOUT THE AUTHORS

ALMIR BAJRAMOVSKI (1993)
is a composition student at the Faculty of Music in Skopje, studying with Doc. Soni Petrovski. He has composed a few solo and chamber works. In 2013, Bajramoski was part of the "Introduction to Music Technology" masterclass, led by Prof. Robert Sazdov.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ (1993)
студира композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на Дарија Андовска. Во 2012 година учествувал во работилница за sound design и музика за филм, во Скопје, а во 2013 година и во првата официјална соработка помеѓу Факултетот за музичка уметност и Факултетот за драмска уметност, каде исто така, работел на музика за филм. Има напишано солистички, хорски, како и композиции за клавир, кларинет и фагот.

NIKOLA KRSTEVSKI (1993)
is a composition student, studying with Doc. Darija Andovska. In 2012 he participated at the workshop for sound design and film music in Skopje, and in 2013 was part of the first official collaboration between the Faculty of Music and the Faculty of Dramatic Arts, where he composed film smuci. He has written several solo works for piano, clarinet and bassoon and choral works.

ДАМЈАН ТОМОСКИ (1994)
мулти инструменталист, експериментира и истражува повеќе музички жанрови, од класична музика па сè до електронска музика. Во своите композиции се обидува да ја претстави музиката како енергија. Композицијата Sounds of Evil (Звуците на Злото) го претставува злото преку очите на композиторот.

DAMJAN TOMOSKI (1994)
is a multi-instrumentalist who experiments in several music genres, from contemporary classical to electronic music. His aim is to present music as energy in his works. The piece "Sounds of Evil" represents evil through the eyes of the composer.

МАЈА ЈОВАНОВСКА (1994)
Ученик во средното музичко училиште "Илија Николовски-Луј" во Скопје. Посетува неколку семинари на проф. Тихомир Петрович, професор на музичката академија во Загреб. Во текот на образованието се стекнува со освоена прва награда по предметот музички форми, на државниот натпреварот "Михајло Николовски" одржан во градот Битола.

MAJA JOVANOVSKA (1994)
Maja Jovanovska is a student at DMBUC "Ilija Nikolovski – Luj". She took part in a few seminars and also won the First prize for music analysis at the state competition "Mihailo Nikolovski" in Bitola.

АНДРЕЈ БЛАЖЕВСКИ (1995)
ученик е во четврта година на јазично- уметничко Б подрачје во СУГС Гимназија „Никола Карев". Во 2013 година учествувал на фестивалот за електронска музика и медиумска уметност de:Sonanz festival. Како гимназијалец учествува на сите музички манифестации и театарски претстави што се организираат во гимназијата. Има напишано солистички композиции за клавир . Автор е на музиката на химната на СУГС „Никола Карев".

ANDREJ BLAZEVSKI (1995)
is a fourth-year student at the high school "Nikola Karev" – languages and art department. In 2013, he performed at de:sonanz festival of electronic music. Blazevski regularly takes part in music and theatre project at his school. He has composed works for solo piano and is the author of "Nikola Karev" high school's anthem.

НИКОЛА КОЛАРОВСКИ (1995)
ученик во ДМБУЦ ,,Илија Николовски-Луј" во Скопје. Овде тој ги изучува предметите на теоретската насока, но, истовремено третирајќи го пијаното како посебна струка.



NIKOLA KOLAROVSKI (1995)
is a student at DMBUC "Ilija Nikolovski – Luj", theory and piano performance.

АНГЕЛ СПИРОСКИ (1996)
ученик во ДМУ „Тодор Скаловски - Тетоец" во Струга. Прва година запишува отсек музичар – теоретичар, а во втора година се префрла на отсекот музичар – изведувач, со прв инструмент гитара. Во текот на средното образование зема учество на многу државни и меѓународни натпревари каде освојува бројни награди.

ANGEL SPIROSKI (1996)
Angel Spiroski was born in Struga. He graduated from the Music High School "Todor Skalovski – Tetoec" in Struga, at the instrumental department – classical guitar. Spiroski was awarded several state and international prizes.

„Денови на македонска музика" ги финансираат и помагаат:

Министерство за култура на Р. Македонија
Македонска филхармонија
Факултет за музичка уметност-Скопје
Македонска Опера и Балет
Министерство за одбрана на Р.М.
Македонска Радио Релевизија
Гете - Институт
Амбасада на САД во Р. Македонија
Музеј на град Скопје
Македонска асоцијација за електроакустична музика
Свердловска државна филхармонија

The „Days of Macedonian Music“ have been sponsored and assisted by:

Ministry of Culture of the Republic of Macedonia
Macedonian Philharmonic
Faculty of Music - Skopje
Macedonian Opera and Ballet
Ministry Of Defence of R.M.
Macedonian Radio &Television
Goethe Institut
Embassy Of The United States of America
City of Skopje Museum
Macedonian Association for Electroacoustic Music
Sverdlovsk State Philharmony

ABOUT SOCOM

The Composers Association of Macedonia - SOCOM is founded in 1947 as a non governmental and non profitable organization consisted of composers and musicologist. The main activities of SOCOM are:

Publishing - until now SOCOM has published more than 100 records, CDs, audio and video tapes with works by Macedonian composers. There are also more than 1000 titles published: musical literature, scores, profess-ional and educational books, by Macedonian composers and musicologists.

Concert activities - SOCOM is a specialized concert agency, organizing concerts of classical and modern music. SOCOM is also one of the greatest promoters of Macedonian music culture in Macedonia and abroad.

Festivals - Manifestations - SOCOM is the organizer of the annual international festival "Days of Macedonian Music", held each March in Skopje. In seven days the festival presents many new works from Macedonian composers and composers from other countres. SOCOM is also organizer of the Music manifestation "Struga Music Autumn" which is held in Struga in September. The manifestation, mostly concentrated on musicolgy, is consisted from scholarly conference and concerts of traditional spiritual and folk music. International activities - SOCOM communicates and cooperates with many foreign organizations. SOCOM is member of the ECF - European Composers Forum, ECPNM - European Conference of Promoters of New Music, and several other Balkan and European organizations and associations.

Организатор:
Сојуз на композиторите на Македонија -СОКОМ

Соработници:
Теа Богатинова
Јана Коловска
Дојрана Прокопиева

Техничка организација:
Лазар Мојсовски
Љупчо Дебарлиев
Марко Павлевски

Дизајн:
Виолета Коцев

Печат:
Графосет ДЛ - Куманово

Контакт адреса:
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел/факс: ++389 (0) 2 31 19 824
е-маил: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

Organiser:
Composers' Association of Macedonia - SOCOM

Assistants:
Tea Bogatinova
Jana Kolovska
Dojrana Prokopieva

Technical organization:
Lazar Mojsovski
Ljupcho Debarliev
Marko Pavlevski

Design:
Violeta Kocev

Print:
Grafoset DL - Kumanovo

Contact address:
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, R. Macedonia
tel/fax: ++389 (0) 2 31 19 824
email: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија
тел./факс: ++389 2 31 19 824
e-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

COMPOSERS' ASSOCIATION OF MACEDONIA
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia
phone/fax: ++389 2 31 19 824
e-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

GOETHE-INSTITUT
EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA
ФИЛАРМОНИЈА
македонска филхармонија
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ
MACEDONIAN OPERA AND BALLET
Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
MPT
МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
ALSAT
Дневник
Весник
НОВА МАКЕДОНИЈА
ВЕСТ
antenna
sky radio